РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 21-94/1
05.01 2024 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основ на член 23 став 2 од Законот за младиснко учество младиснки политики (,,Службен весник на РСМ" бр.10/2020) административниот службеник Даниела Милошевска како овластен службеник за млади го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализирани активности на Општина Крива Паланка**
**од делокругот на млади за 2023 година**

Во текот на 2023 година Општина Крива Паланка согласно своите надлежности и можности има превземено конкретни активности и реализирано проекти кои се однесуваат на делокругот на младите.

Општина Крива Паланка во рамки на своите надлежности за прв пат изработи Програма за млади за 2023 година за која од општинскиот буџет беа предвидени финансиски средства во висина од 660.000.оо денари. Програмата имаше за цел да обезбеди и потикне личен, професионален развој на младите како и нивно учество во процесите на креирање на на политики за млади, нивно информирање и заштита на нивните интереси. Програмата предвидуваше воведување на стимулативни мерки за младите каде преку јавни повици а според претходно усвоени правилници од Советот на општина Крива Паланка беше доделена финансиска помош

- за купен дигитален уред за студенти и студентки во нето износ до 6.000 денари по лице;
- за купен дигитален уред за млади невработени лица во нето износ до 9.000 по лице;
- за купен велосипед во бруто износ до 4.000 денари по лице
- еднократна парична помош во износ од 3000 денари за матрурантите запишани во СОУ ,, Ѓорче Петров " - Крива Паланка;
- доделени се стипендии за талентирани ученици, средношколци и студенти како и за најуспешните спортисти во екипни и индивидуални спортови а доделени се и субвенции за превоз на студенти.

Општина Крива Паланка за младите од својата општина кои рекреативно се занимаваат со спорт обезбеди и користење без надоместок на услугите на спортските објекти со претходно поднесено online барање и тоа за

- спортската сала Бранители
- тенискиот терен во рамки на спортскиот комплекс

За младите од општина Крива Паланка се одржаа обуки како во рамки на проектот ,,Младински активизам за позелени општини" во врска со отпадот и енергијата а членовите на ЛМС беа поттикнати активно да учествуваат во процесот на донесување на локални одлуки особено оние кои се однесуваат на управувањето со отпадот.

Младите учествуваат во процесите на креирање на политики од нивен интерес како и во процесот на одлучување во рамки на Буџетскиот форум, како и проектниот форум. Во овој процес од страна на заедницата беше поддржан, а потоа и имплементиран проектот на работната група од маса млади ,, Памп трака за велосипеди" а финасиските средства во висина од 4 милиони денари беа обезбедени од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка, преку УНДП и

кофинансирање од буџетот на Општина Крива Паланка.

Општина Крива Паланка во партернство со програмата на Обединети нации (УНДП) во рамки на Регионална програма за локана демократија во западен Балкан 2 (ReLOaD 2) објави повик за сите граѓански организации каде приоритена област се млади а висината на средствата беше од 307.000.оо МКД до 1.845.000.оо МКД.

Локалната самоуправа континуирано вложува во образованието, спортот и инфраструктурни проекти каде главни корисници се младите и тоа

- изградено спортско игралиште во подрачното училиште во с. Конопница опремено со тартан подлога, заштитна ограда, реквизити за настава и реализација на часови по физичко воспитување, реквизити за играње на мал фудбал, ракомет, тенис одбојка и слични физички активности
- изградено е повеќенаменско спортско игралиште на локалитетот под Метеорлошка станица со поставување на реквизити за кошарка и фудбал, како и детско игралиште за одмор и рекреација.
- изграден е нов мултифинкционален спортски терен во с. Мождивњак, м.в. Дубје во вредност од 7 милиони денари
- преку Јавен повик општината на спортските клубови и здруженија даде финасиска подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот и младите во вредност од околку 1.060.000.оо денари
- одржан општински крос-натпревар ,, Младински маратон на вештини 2023" со учество на околу 270 млади
- одбележан Меѓународниот ден на младите, 12 август
- одржан Форум на заедницата за подигнување на јавната свест за важноста на менталното здравје кај децата, адолесцентите и младите

Општина Крива Паланка во соработка со институциите од областа на културата направи богата програма првенствено за младите, како и за сите други генерации преку Кривопаланечкото културно лето 2023 година каде беа одржани повеќе од 30 концерти, изложби, литература, уметност, џез, поп – рок музика, фолклор итн.

**изготвил**
овластен Службеник за млади
Даниела Милошевска

**одобрил**
Раководител на одделение
за локален економски развој и евроинтеграции
Антонио Давитковски

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**